СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

MASIT

ОЕМVР

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

# Policy Position Paper
# Сектор туризам
## Промена на моделот на категоризација на угостителските објекти за сместување

**БЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ**
„Оваа активност е овозможена со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), како дел од Проектот на УСАИД Партнерство за подобра бизнис регулатива, имплементиран од страна на ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал и четирите стопански комори. Содржината на документот е заеднички став на стопанските комори: Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ и Сојуз на стопански комори на Македонија и не ги одразува ставовите на УСАИД, Владата на САД и ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал."

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

MASIT ICT Chamber of Commerce

ОЕМVP

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

# Формулар за идентификување на проблеми – Позиционен документ (Policy Position Paper)

*Овој документ ќе се користи како алатка за потребите на „Проектот на УСАИД – Партнерство за подобра бизнис регулатива“ за идентификување на ограничувачки институционални политики, како и за подобрување на конкурентноста и правната усогласеност на компаниите*

| Датум: 18.03.2019 | Поднесено од: | **Краток назив на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ:** Категоризацијата на угостителските објекти за сместување да се врати по моделот дефиниран пред Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност, објавен во „Службен весник на РМ“ број 39/2016 (датум на објавување: 29.2.16). |
|---|---|---|

Овој ИДЕНТИФИКУВАН ПРОБЛЕМ е релевантен за подобрување на регулативата во (заокружи):

*Сектор - Земјоделство; Сектор - Градежништво; **СЕКТОР - ТУРИЗАМ**; Сектор - Текстил; Сектор – ИКТ; Сите Сектори*

1. **Краток опис на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issues) за кои проблеми е потребно решение? Каква е моменталната ситуација (Анализа на политики: моментални околности, конкретно идентификување на проблеми)**

Категоризацијата на угостителските објекти за сместување по постојниот модел согласно кој категоризацијата се спроведува со 13 члена Комисија формирана од страна на Владата на Република Северна Македонија да се врати по моделот дефиниран пред Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност објавен во „Службен весник на РМ“ број 39/2016 (датум на објавување: 29.2.16). Идејата беше да се воспостави едноставен систем преку кој угостителските објекти ќе се категоризираат согласно европските воспоставени стандарди со учество на самиот бизнис сектор во категоризирањето, но истиот предизвика огромни трошоци кај угостителските објекти, го успори процесот на добивање ѕвезди, а категоризацијата остана речиси идентична.

2. **На кој начин ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issues) негативно влијае врз конкурентноста, работењето и правната усогласеност на компаниите?**

Согласно постојното законско решение, категоризација на угостителските објекти за сместување е сложен и административен процес кој само го обременува работењето на угостителските субјекти, од аспект на некомпетентност, големи финансиски трошоци и сложена процедура, во услови кога категоризацијата во многу развиени земји се врши од страна на самиот бизнис сектор. Комисијата работи во состав од 13 члена, од кои тројца претставници од Министерството за економија, тројца претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, еден претставник од Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со

**БЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ**
„Оваа активност е овозможена со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), како дел од Проектот на УСАИД Партнерство за подобра бизнис регулатива, имплементиран од страна на ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал и четирите стопански комори. Содржината на документот е заеднички став на стопанските комори: Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ и Сојуз на стопански комори на Македонија и не ги одразува ставовите на УСАИД, Владата на САД и ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал."

економските ресори, еден претставник од Министерството за финансии, еден претставник од Министерството за транспорт и врски, еден претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање, еден претставник од Министерството за култура, еден претставник од Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и еден претставник од Државниот пазарен инспекторат.
Моделот со 13 члена комисија за категоризација составен исклучиво од претставници од државни органи, наместо претходните 5 члена во кој беа вклучени и претставници од бизнис секторот, не даде позитивен ефект ниту ги надмина слабостите на постојниот модел, пред се` од аспект на почитување на стандардите за категоризација. Напротив само ги зголеми трошоците за категоризирање.
Процесот на носење на Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност во 2016 година беше по скратена постапка без можност да се слушне гласот на бизнис секторот.

3. **На каков начин компаниите се соочуваат со ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issues) и каква е нивната процентуална застапеност по сектори во однос на проблемот?**

Моделот со 13 члена комисија за категоризација составен исклучиво од претставници на државни органи, наместо претходните 5 члена во кој беа вклучени и претставници на бизнис секторот, не даде позитивен ефект ниту ги надмина слабостите на постојниот модел, пред се` од аспект на почитување на стандардите за категоризација. Напротив, само ги зголеми трошоците за категоризирање.
Драстичното зголемување на трошоците на угостителските објекти се одразуваат особено доколку дојде до евентуално намалување на бројот на ѕвездите и тоа од аспект на:

- Комплетна промена на рекламниот материјал на угостителскиот објект вклучително и материјалите кои се дистрибуираат во рамки на хотелот, дотолку повеќе што кога се подготвува ваков материјал поради исплатливост истиот се печати во тираж за следните две до три години, промена на таблите за реклама, за чија изработка исто така се одвојуваат средства, преработка на веб-сајтовите на објектите. Дополнително, плаќањето на ѕвездите е нов трошок, кој не се наплатуваше;
- Невозможно и нереално беше да се изврши прекатегоризираат на сите хотели во рок од една година од страна на Комисијата, во која од одредени државни институции учествуваат и по 3-ца претставници;
- Во целиот процес не е запазен процесот на консултација со бизнис секторот од угостителската дејност која има свој позитивен ефект во домашната економија, како преку бројот на вработени, плаќањето на давачките кон државата, од аспект на даноци, придонеси и сл..

4. **Кои се важечките закони , подзаконски прописи (наведување на членовите) кои го регулираат ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issues)?**

Законот за угостителската дејност со изменувањата и дополнувањата:
(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016 и 71/2016).

5. **Кои државни институции се директно вклучени во регулирањето или решавањето на овој проблем? Дали треба да бидат вклучени и дополнителни институции?**

**БЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ**
„Оваа активност е овозможена со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), како дел од Проектот на УСАИД Партнерство за подобра бизнис регулатива, имплементиран од страна на ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал и четирите стопански комори. Содржината на документот е заеднички став на стопанските комори: Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ и Сојуз на стопански комори на Македонија и не ги одразува ставовите на УСАИД, Владата на САД и ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал."

Предлагач на законските политики во Република Македонија е Министерството за економија, во соработка со другите институции кои работат во туризмот, а пред се` Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и локалните самоуправи.
Потоа, Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии кои даваат мислења во однос на тоа дали предложените мерки се во корелација со законодавноста во државата или подлежат или не подлежат на дополнителни финансиски импликации.

6. **Како овој проблем е регулиран во други држави?**

Секоја земја во регионот има категоризација на угостителските објекти, дури многу поконкретна и подетална, како од аспект на категоризација на разните видови и форми на угостителските објекти за сместување така и за угостителските објекти за храна.

7. **Кои се квантитативните и квалитативните резултати/придобивки кои ќе ја подобрат конкурентноста на компаниите, а кои директно ќе произлезат од успешното адресирање – упатување - решавање на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issues)?**

Ќе го релаксира, убрза и поевтини процесот на категоризација на угостителските објекти, ќе го врати во ресорното матично Министерство за економија и ќе обезбеди професионална следливост на процесот со вклучување на бизнис секторот во Комисијата за категоризација, како што е искуството во останатите земји.

8. **Предлог решенија и очекувани резултати? Што сакаме да се постигне, во која насока треба да се насочиме? (главни цели)**

Категоризацијата на угостителските објекти за сместување да се врати по моделот дефиниран пред Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност објавен во „Службен весник на РМ" број 39/2016 (датум на објавување: 29.2.16), со кој категоризацијата на угостителските објекти за сместување ја врши Комисија за категоризација на угостителските објекти формирана од страна на Владата на Република Македонија и воспоставување едноставен систем преку кој угостителските објекти ќе се категоризираат согласно европските воспоставени стандарди со учество на самиот бизнис сектор во категоризирањето.

**БЕЛЕШКА ЗА УРЕДНИЦИТЕ**
„Оваа активност е овозможена со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД), како дел од Проектот на УСАИД Партнерство за подобра бизнис регулатива, имплементиран од страна на ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал и четирите стопански комори. Содржината на документот е заеднички став на стопанските комори: Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ и Сојуз на стопански комори на Македонија и не ги одразува ставовите на УСАИД, Владата на САД и ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал."